**Р Е П У Б Л И К А   С Е В Е Р Н А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# П Р А В И Л Н И К
**за дисциплинска одговорност на студентите на БАС**

**Скопје, јуни 2019**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 29 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите на БАС (дел. бр. 0205-174/4 од 21.06.2019 година), Органот на основачи на БАС на ден 26.06.2019 година го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за дисциплинска одговорност на студентите на БАС

# 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник поблиску се уредуваат: дисциплинската одговорност, дисциплинските повреди, дисциплински органи, санкции, застареност на дисциплински повреди, дисциплински постапки, извршување на дисциплински одлуки како и други уредби поврзани со студентите на Бизнис академија Смилевски – БАС (Во понатамошниот текст, БАС).

**Член 2**

(1) Студент на БАС е лице кое е запишано како студент на прв или втор циклус на студии на БАС согласно Закон, статут и другите нормативни акти на БАС.

**Член 3**

(1) Во текот на студирањето, студентите мора да се придржуваат до Законот, Статутот на БАС, правилниците, како и другите општи акти на БАС.

**Член 4**

(1) Студентот не е одговорен за дисциплинска повреда се додека неговата одговорност не биде утврдена со конечна одлука.
(2) На студентот не може да му се изрече дисциплинска мерка за дисциплинска повреда за која пред нејзиниот настанок не била предвидена со овој правилник или пак утврдена со Закон.

**Член 5**

(1) Во дисциплинската постапка, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

# 2. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

## 2.1 Основа за дисциплинска одговорност на студентите

**Член 6**

(1) За повредите на законот, Статутот на БАС, општите акти на БАС и другите дисциплински повреди предвидени со овој правилник, студентот одговара дисциплински.
(2) Дисциплинската постапка ја води Комисија за дисциплински мерки (во понатамошниот тек: Комисијата) која ја формира Наставничкиот совет на БАС.
(3) За сторена дисциплинска повреда се изрекува дисциплинска мерка предвидена со овој правилник или според препорака на комисијата за дисциплински мерки.
(4) Дисциплински повреди се утврдени со членот 10, ставови 1 и 2.

**Член 7**

(1) Комисијата за дисциплински мерки е составена од три члена, од кои двајца членови од редот на наставниците на БАС и еден член од редот на студентите на БАС. Еден член од наставниците е претседател на комисијата.

**Член 8**

(1) Поблиски определби за дисциплинските повреди, мерки и постапки, како и за работата на дисциплинската комисија се утврдени со овој Правилник.

# 3. ВИДОВИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ

**Член 9**

(1) Дисциплинска повреда е постапка, чин со кој се прекршува определен пропис, закон и лично пречекорување на надлежностите односно однесување или активност спротивно на даден пропис, закон, наредба и слично.

**Член 10**

(1) Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1) нарушување на јавниот ред и мир за време на наставата;
2) непристојно однесување кон наставниот и ненаставниот кадар на БАС, како и кон другите студенти;
3) непристојно однесување кон надворешни лица, гости или соработници на БАС;
4) самоволно регистрирање заради добивање на поени за присуство и активност;
5) небрежно однесување спрема имотот на БАС, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 € во денарска противвредност;
6) доаѓање на студентот на настава, вежби или на полагање испити или колоквиуми под дејство на алкохол или други наркотични супстанци;
7) прекршување на условите и утврдените постапки за процесите на проверка на знаењето;
8) оштетување на имотот на БАС во проценет износ под 100 € во денарска противвредност.

(2) Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1) поседување и користење на направи за телефонска и електронска комуникација за време на проверка на знаењето (испит/колоквиум);
2) препишување или давање било каква помош на друг студент во текот на проверката на знаењето (испит/ колоквиум);
3) недозволено носење на опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони од страна на студентите при изведување на наставата;
4) плагијаторство во форма на пренесување на туѓ труд во свое име;
5) физички напад со нанесување на лесна повреда;
6) физички напад со нанесување на тешка повреда;
7) вербална или реална навреда на наставен или ненаставен кадар на БАС;
8) давање на неточни податоци на органите на БАС;
9) неовластен упад во информатичкиот систем на БАС, односно на интернет страницата, образовниот портал, електронските досиеја на студентите и сл.;
10) оштетување на имотот на БАС во проценет износ над 100 € во денарска противвредност;

11) присвојување на предмети кои се во сопственост на БАС;
12) фалсификување или злоупотреба на документи издадени од страна на БАС;
13) злоупотреба на финансиските средства на Студентското собрание на БАС;
14) полагање испит за друго лице;
15) ширење национална, верска, расна или друг вид нетрпеливост;
16) наведување на користење алкохол или опојни droги или давање или помагање во користење алкохол или опојни дроги или користење на истите во просториите на БАС;
17) повторени лесни дисциплински повреди.

## 4. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 11**

(1) За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изречат следниве дисциплински мерки:

1) опомена,
2) јавна опомена,
3) привремено отстранување и
4) исклучување.

(2) Опомена и јавна опомена се изрекуваат на сторителот на лесна дисциплинска повреда, а привремено отстранување или исклучување од БАС, се изрекуваат во случај на сторена потешка дисциплинска повреда.
(3) Во случај на настаната материјална штета или повреда на имотот на БАС или личните предмети на вработените и надворешните соработници во БАС, може да се изрече и дисциплинска мерка паричен надоместок во висина на штетата или во висина на отстранувањето на забелешките или штетата.
(4) Условите и времетраењето на привременото отстранување е утврдено со членот 12, ставови 1-3.
(5) Условите и времетраењето на дисциплинската мерка исклучување е утврдено со членот 12, ставови 4-7.

**Член 12**

(1) Привремено отстранување од БАС не може да биде пократко од 15 наставни недели ниту подолго од 30 наставни недели.
(2) Привременото отстранување од БАС започнува првиот работен ден на наставната недела која следува по донесувањето на конечната одлука за изрекување на оваа дисциплинска мерка.
(3) За време на траењето на дисциплинската мерка од став 1 од овој член, на студентот му мирува статусот на студент на БАС.
(4) Дисциплинската мерка исклучување се применува за студиската година во која е изречена.
(5) Дисциплинската мерка трајно исклучување се применува во случаи кога ќе се повторат повеќе од една тешка дисциплинска повреда.
(6) Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.
(7) Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата, со изрекувањето на дисциплинска мерка, на студентот може да му се забрани да полага колоквиуми или испит по соодветниот предмет во наредниот, односно наредните испитни рокови.
(8) Парична казна и нејзината висина ја утврдува комисијата. Комисијата може да повика стручни лица за проценување на штетата и трошоците за отстранување на истата.

# 5. ОЛЕСНИТЕЛНИ И ОТЕЖУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ

**Член 13**

(1) При изрекувањето на дисциплинските мерки во предвид се земаат и олеснителните и отежувачките околности, а особено:

1) тежината на прекршокот и последиците од истиот;
2) степенот на одговорност на студентот;
3) условите под кои е направен прекршокот;
4) претходното однесување на студентот;
5) однесувањето на студентот во текот на постапката;
6) статус на студентот според договорот со БАС;
7) ставот на оштетениот;
8) други релевантни околности.

# 6. КОМИСИЈА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 14**

(1) Дисциплинската постапка ја води Комисија за дисциплински мерки.

**Член 15**

(1) Комисијата за дисциплински мерки ја формира Наставничкиот совет на БАС.

(2) Комисијата за дисциплински мерки е составена од три члена, од кои двајца членови од редот на наставниците и еден член од редот на студентите. Еден член од редот на наставниците е претседател на комисијата.

(3) Членовите на комисијата од редот на наставниците ги предлага Наставничкиот совет на БАС.

(4) При изборот на членовите на Комисијата од редот на наставници, се води сметка за застапеноста според локацијата на организациските единици на БАС.

(5) Членот на комисијата од редот на студентите го предлага Студентското собрание на БАС. Доколку Студентското собрание не предложи член, тогаш тоа го прави Наставничкиот совет на БАС.

(6) Членовите на комисијата за дисциплински мерки можат да имаат и свои заменици кои ги одредува Наставничкиот совет на БАС.

**Член 16**

(1) Мандатот на членовите на Комисијата од редот на наставниците трае три години, а мандатот на членовите од редот на студентите трае една година.
(2) Мандатот на членовите на комисиите од став 1 на овој член може да се повтори само еднаш последователно.
(3) Наставничкиот совет има право да замени членови на комисијата или да формира друга комисија за дисциплински мерки доколку студентот против кој се води постапка е во било каква врска или крвно сродство со било кој од членовите.
(4) Наставничкиот совет има право да замени членови на комисијата или да формира друга комисија за дисциплински мерки доколку студентот против кој се води постапка е член или заменик член на комисијата.

**Член 17**

(1) Комисијата за дисциплински мерки е самостојна и независна во донесувањето и водењето на постапката, а за својата работа одговара пред Наставничкиот совет на БАС.
(2) Правата и должностите на Комисијата за дисциплински мерки и одговорноста за дисциплинските повреди на студентите се уредуваат со Статутот на БАС и овој Правилник.

**Член 18**

(1) Претседателот на Комисијата се грижи за дисциплинските постапки, предвидениот процес, свикува работни средби и состаноци.
(2) Во договор со членовите на комисијата, тој ги закажува, известува и води средбите и состаноците предвидени со ставот 1 од овој член.
(3) Претседателот на Комисијата има должност да го известува Директорот, односно Наставничкиот совет за дисциплинските постапки, како и за донесените предлози и одлуки.
(4) Претседателот на Комисијата има право да ги разреши останатите членови на Комисијата во случај на неисполнување на обврските кои произлегуваат од овој правилник или доколку смета дека постојат услови за појава на субјективност или наклонетост во постапката.
(5) Наставничкиот совет може да го разреши или замени Претседателот доколку се утврди објективна спреченост за извршување на неговите обврски, прекршување или неисполнување на обврските произлезени со овој правилник, како и основан сомнеж за појава на субјективност или наклонетост во постапката.

**Член 19**

(1) Комисијата се грижи за уредноста на дисциплинските постапки, води евиденција за постапките во тек, водат записник од состаноците и другите средби на Комисијата, ги известува засегнатите страни поврзани со предметот на дисциплинската постапка, врши советувања и други активности.
(2) Административните работи за потребите на Комисијата ги врши студентската служба на БАС, а постапува и по налог на Претседателот на Комисијата за дисциплински мерки.

## 7. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 20**

(1) Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање од страна на студент, група на студенти, наставник, група на наставници, основачите на БАС, членови на студентската служба на БАС, вработени во БАС и други лица.
(2) Писменото барање се предава во архивата на БАС, а истото преку Директорот се доставува до претседателот на Комисијата за дисциплински мерки.

**Член 21**

(1) Барањето за поведување на постапката се поднесува во писмена форма и мора да содржи:

1) име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда; (Освен во случај предвиден со став 2 од овој член)
2) податоци за сторителот на повредата;
3) опис на настанот;
4) докази за утврдување одговорност.

(2) Лицето кое ја пријавува дисциплинската повреда има право да побара анонимност во постапката, проследено со соодветно образложение за потребата или условите под кои се бара.

(3) Во случај на побарана анонимност, членовите на Комисијата, Наставничкиот совет и Stru; служба на БАС не смеат да издаваат било какви податоци кои би го обелоделиле идентитетот на лицето кое ја поднесува пријавата.

**Член 22**

(1) Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, Претседателот свикува состанок на Комисијата.

(2) На состанокот се разгледува барањето и се проучуваат првично достапните информации.

(3) На состанокот од став (2) на овој член, Комисијата може да донесе:

1) одлука/решение за поведување на дисциплинска постапка,
2) одлука/решение за понатамошно, продлабочено проучување на барањето,
3) одбивање на барањето доколку постојат објективни причини да се смета истото како неосновано.

(4) Претседателот ги свикува и другите состаноци според интерен договор помеѓу членовите на комисијата на кои се води постапката.

(5) Решенијата и одлуките кои ќе произлезат од ставовите 3 и 4 на овој член треба да ги содржат следниве податоци:

1) Архивски број на барањето, односно бројот на предметот под кои се води постапката;
2) Име, презиме и други неопходни информации од подносителот на барањето, освен во случај кога барателот побарал анонимност во постапката.
3) Записник на одржаниот состанок на кој е донесена одлуката.
4) Поврзани информации и опис на дисциплинската постапка.
5) Предлог решение, одлука или изречена дисциплинска мерка.
6) Поврзани и детални информации поврзани со алинеја 5 од овој став.
7) Доколку постојат, записници од одржаните седници наредени по хронолошки редослед.
8) Други информации поврзани со предметот.

(4) Решенијата и одлуките од ставовите 3 и 4 на овој член се доставуваат до:

1) подносителот на барањето за поведување на постапката и
2) до лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса.
3) Архивата на БАС
4) Досието на студентот

(2) Одлуката за изрекување дисциплинска мерка се истакнува на огласна табла на БАС за соодветната година или на образовниот портал на БАС и се впишува во досието и индексот на студентот.

**Член 23**

(1) Студентот, за кого се води дисциплинска постапка, има право на произнесување пред членовите на Комисијата.

(2) Студентот, за кого се води дисциплинска постапка, ќе се произнесе пред членовите на Комисијата во време и место кое ќе го утврдат членовите на Комисијата.

(3) За времето и местото на одржување на средбата/состанокот, студентот за кого се води дисциплинска постапка ќе биде известен од страна на Комисијата или од Стручната и административната служба на БАС.
(4) Студентот за кого се води дисциплинска постапка има право само еднаш да побара промена на терминот за одржување на средбата. Таквото барање мора да биде проследено со соодветен и објективен доказ за неговата спреченост за присуство на средбата.
(5) Студентот за кого се води дисциплинска постапка се известува усно или со покана преку препорачана пратка за закажаните средби, решенијата и одлуките од Комисијата, односно Наставничкиот совет на БАС на адресата што студентот ја пријавил како постојана во досието на БАС. Студентот може да биде известен и преку електронски пат на електронската пошта која ја има доставено при запишувањето на студии на БАС.
(6) Доколку студентот, за кого се води дисциплинска постапка, не се појави пред Комисијата и не го оправда отсуството, Комисијата ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

**Член 24**

(3) Работните средби и состаноците на Комисијата се одржуваат во службените простории на БАС.

**Член 25**

(1) Средбите/состаноците ги закажува претседателот на Комисијата, а во негово отсуство заменик претседателот.
(2) На закажаната средба/состанок се повикуваат членовите на Комисијата, студентот, сведоците, а по потреба и други лица.
(3) Поканата за средба/состанок се доставува најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржувањето.

**Член 26**

(1) Пред почетокот на средба/состанок, претседателот на Комисијата утврдува дали се присутни сите поканети лица.
(2) Средба/состанок може да биде одржана во отсуство на студентот доколку уредно бил повикан, а отсуствува од неоправдани причини.
(3) Комисијата може да свика повеќе средби или состаноци доколку оцени дека е тоа неопходно.

**Член 27**

(1) Претседателот на комисијата се грижи за правилното водење на средба/состанок, при што се запазуваат основните човечки права и должности и правото на демократско водење на дисциплинска постапка.
(2) Претседателот и членовите на Комисијата имаат право да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.
(3) За одржаните средби, Комисијата води записник кој содржи податоци за составот на комисијата, студентот, законскиот основ за дисциплински постапки, подносителот на барањето (освен во случаи на побарана анонимност), времето и местото на одржување на средба/состанок, битната содржина на исказите на студентот и сведоците, листа и опис на изведените докази, како и други сродни и поврзани информации со постапката.
(8) Записникот го потпишуваат: Претседателот, Студентот против кого се води постапката, и Администраторот на комисијата.
(9) Доколку студентот одбие да го потпише записникот, Администраторот уредно ќе ги внесе причините за одбивањето.

**Член 28**

(1) По одржувањето на средбата, односно според потребата, дополнителните седници, Комисијата за дисциплински мерки со решение може да донесе една од следниве одлуки:

1) отфрлање на барањето за поведување на постапката по застареност
2) одбивање на барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда
3) одлука со која студентот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда
4) одлука со која се утврдува потреба од понатамошни состаноци или продлабочено истражување за предметот.
5) изрекување дисциплинска мерка.

(2) Комисијата своите наоди, решенија и одлуки ги доставува до Наставничкиот совет.
(3) Одлуката или решението наведени во ставот 1 алинеи 1-4, од овој член содржат:

1) Вовед, во кој се наведува кој и кога ја донел одлуката, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог
2) Изрека, во која се внесува видот на изречената дисциплинска мерка и краткиот опис на повредата за која студентот се смета за одговорен
3) Образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката, и
4) Поука за заштита на правата и понатамошни постапки.

**Член 29**

(1) Против одлуката на Комисијата за дисциплински мерки, студентот може да поднесе приговор до Наставничкиот совет на БАС, како второстепен дисциплински орган, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.
(2) Приговорот се поднесува во 3 (три) примероци, по еден за претседателот на комисијата и за Администраторот, а еден за во досието на студентот.

**Член 30**

(1) Наставничкиот совет го разгледува приговорот на првата наредна седница по поднесување на приговорот и може да донесе одлука со која:

1) го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесено од комисијата за дисциплински мерки
2) го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен
3) го прифаќа приговорот како основан и го преиначува одлуката или решението за изрекување дисциплинска мерка
4) Ја поништува одлуката или решението на Комисијата и предметот го враќа на повторно разгледување кај претседателот на Комисијата

# 8. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИ ОДЛУКИ

**Член 31**

(1) Конечната одлука донесена како резултат од дисциплинската постапка ја спроведува Директорот на БАС.
(2) Дисциплинските мерки за опомена, содржат предупредување повредата да не се повтори.
(3) Дисциплинската мерка јавна опомена, се извршува во вид на писмена опомена која се става да стои 30 дена на огласната табла во просториите на БАС.

(4) Конечната одлука за изречен паричен надоместок, трошоци на постапката и нивната висина ја донесува Директорот на БАС.
(5) Средствата уплатени присилно или своеволно во вид на паричен надоместок и трошоци на постапка одат на сметката на БАС.
(6) Одлуките за привремено отстранување, нивното времетраење и условите за продолжување ги донесува Директорот по предлог на Наставничкиот совет или Комисијата за дисциплинска одговорност.
(7) Одлуката за исклучување, ја донесува Директорот по предлог на Наставничкиот совет или Комисијата за дисциплинска одговорност.

## 9. ЗАСТАРУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ОДГОВОРНОСТ

**Член 32**

(1) Покренувањето и водењето на дисциплинската постапка застарува во рок од 6 (шест) месеци од денот на поведување на постапката, односно 3 (три) месеци од дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

## 10. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

(1) Надоместокот на трошоците настанати со постапката (патни трошоци и други поврзани трошоци) го определува Органот на основачи на БАС.
(2) За други трошоци настанати во постапката, членовите на комисијата имаат право да поднесат барање за надоместување на истите до Директорот на БАС.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

(1) Доколку одредени аспекти на дисциплинската постапка опфаќаат кривични дела предвидени со Законот на РСМ тогаш Комисијата има должност да го пријави случајот кај соодветните надлежни органи.

**Член 34**

(1) Дисциплинските постапки кои се во тек, ќе се завршат според прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој Правилник.

**Член 35**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување на веб страната на БАС.

**Орган на основачи на БАС**

1. **Проф. д-р Цветко Смилевски**
2. **Виш пред. м-р Горазд Смилевски**
3. **Цена Смилевска**